Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16 и 11/18 ), и конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, директорот на Дирекција за заштита и спасување донесе

**О Д Л У К А**

04-1304/17
18-07 2023

**по интерен оглас 03/2022 за унапредување на административен службеник во Дирекција за заштита и спасување**

1. Кандидатот **Берат Бајрами** по пат на интерниот оглас 01/2023 **се избира** за работното место советник за планирање, организирање и спроведување на мерките за заштита и спасување, Подрачно одделение за заштита и спасување Карпош,Сектор за оператива и логистика , **УПР0101В01000 - 1 (еден) извршител**, во Дирекција за заштита и спасување.

2.Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 01/2023 со архивски број бр.04-1304/13 од 12.07.2023 година

3.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука.

4.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По објавувањето на интерниот оглас бр.01/2023 од 19.06.2023 година на веб страницата на институцијата и на Агенцијата за администрација, Комисијата за селекција за

унапредување по интерен оглас формирана од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување со Решение бр.04-1304/11 од 10.07.2023 година, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, спроведе административна Селекција за административните службеници записник 04-1304/12 од 12.07.2023 година.Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 01/2023 со архивски број бр.04-1304/13 од 12.07.2023 година, и спроведување на интервју за административните службеници записник бр.04-1304/12 од 12.07.2023 година.

Согласно член 51 од Законот за административни службеници и врз основа на конечната Ранг листа на кандидати од сите фази за селекција за унапредување и Предлогот за унапредување на кандидатите по интерниот оглас бр.01/2023, директорот на Дирекцијата за заштита и спасување одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По завршувањето на постапката за избор, раководното лице на институцијата носи решение за унапредување.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата институцијата.

ДИРЕКТОР

Bekim Maksuti

**Доставено до:**

**-именуваниот**

**-архива**